| 5 час | 10,40- 11,20 | 5 час | 15.45-16.25 | 4 час | 09,55-10,35 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 6 час | 11,25- 12, 05 | 6 час | 16.30 -17.10 | Ручек и слободни уч.актв. | 10,40-12,05 |
| 7 час | 12,10-12,50 | 7 час | 17.15 -17.55 | 5 час | 12.10 - 12.50 |
| 8 час | 12.55 -13.35 | 8 час | 18.00- 18.40 | 6 час | 12.50 - 13.30 |
| | | | | дежурство | до 17,00 |

### *8.4. Јазик /јазици на кој/и се изведува наставата*

| | Македонски јазик | Албански јазик | Турски јазик | Српски јазик | Босански јазик |
|---|---|---|---|---|---|
| Број на паралелки | 28 | / | / | / | / |
| Број на ученици | 653 | / | / | / | / |
| Број на наставници | 51 | / | / | / | / |

### *8.5. Проширена програма*

Проширената програма во ООУ„Петар Поп Арсов“ опфаќа организирано прифаќање и заштита на учениците еден час пред започнување на часовите во редовната настава и еден час по завршувањето на редовната настава, продолжен престој, дополнителна и додатна настава, како и вон-наставни активности и вон-училишни активности, односно организирање на секции, клубови, екскурзии, натпревари, други активности кои училиштето ги реализира надвор од наставната програма, како и активности на ученичката организација. Училиштето за учениците од 1,2,3 одделение организира прифаќање и заштита на учениците еден час пред започнувањето на часовите за редовната настава и еден час по завршувањето на наставата во согласност со родителот, односно старателот. Училиштето организира продолжен престој за ученици од 1-3 одделение од иста паралелка, од исто одделение и од различни одделенија по добиена согласност од основачот. Во продолжениот престој учениците се вклучуваат во согласност со родителот, односно старателот. Училиштето организира продолжен престој за ученици од 1 до 4 одделение од различни одделенија. За време на продолжениот престој во кој се вклучени ученици од различни паралелки и одделенија, учениците учат, ги работат домашните задачи, работат други училишни обврски и учествуваат во културно-уметнички, спортски и други активности, согласно со Годишната програма за работа на училиштето, согласно со упатството за настава во продолжен престој на ученици од различни паралалки и одделенија, кој го утврдува министерот, на предлог на Бирото.

| **ПРОДОЛЖЕН ПРЕСТОЈ ВО ЕДНА ГРУПА** | | |
|---|---|---|
| **Одд** | Име и презиме на наставникот | Број на ученици |
| **I-1** | Андреј Михајловски | 21 |
| **I-2** | Билјана Петрова | 21 |
| **I-3** | Анета Влаховиќ | 21 |
| **II-1** | Гордана Мисајловска и Оливера Саздова | 23 |
| **II-2** | Зденка Митревска и Катерина Велковска | 23 |
| **II-3** | Јелена Благоевиќи Ивана Крстовска | 24 |
| **III-1** | Ангелина Трпковска и Атина Младеновска Трајковска | 22 |
| | | |
| **III-2** | Ирена Николова и Аница Оносимова | 24 |
| **III-3** | Мимоза Драгутинова  Христина Саздовска | 21 |
| **ПРОДОЛЖЕН ПРЕСТОЈ ВО ГРУПИ** | | |
| **IV** | | 24 |

### *8.6. Странски јазици што се изучуваат во основното училиште*

Во учебната 2022/2023 се изучува прв странски јазик англиски јазик од I-IXодд. За учениците од VI одд избор на втор странски јазик беше одбран германски јазик.

| **Паралелка** | **Број на ученици** | **Паралелка** | **Број на ученици** |
|---|---|---|---|
| **Прв странски јазик англиски јазик** | | Втор странски јазик германски јазик | |
| **I –IX одд 28 паралелки** | 653 | VI –IX одд 13 паралелки | 305 |

### *8.7. Реализација на физичко и здравствено образование со учениците од прво до петто одделение*

За изведување на наставата по физичко и здраствено образование во прво,второ, трето и четврто одделение ја изведува наставник по физичко и здравствено образование.
Во учебната 2022/2023 год. наставата во прво одделение ќе ја изведува нов наставник. Наставникот ќе биде примен на 1 Септември 2022 год.

### *8.8. Изборна настава*

Оваа настава е задолжителна, а ќе ја следат ученици кои се изјаснија по претходно направената анкета и со согласност на родителите. Секоја учебна година учениците избираат да изучуваат различен изборен предмет и слободни изборни предмети во IV и V одд. Оваа учебна година учениците ќе ги изучуваат следните изборни предмети:

| **Одделение** | **Предмет** | **Наставник** |
|---|---|---|
| IV 1,2,3 | Градинарство и Разрешување конфликти | Мирослав најдовски и Наташа Стефановска |
| V 1,2,3, | Фигури ид хартија и Театарски работилници | Мирослав Најдовски |
| VI-1,2,3 | Запознавање со религиите Класична култура на европската цивилизација | Мирослав Најдовски |
| VII-1,2,3,4 | Вештини на живеење | Марија Таневска<br>Мирослав Најдовски |
| VIII-1,,2,3 | Проекти од информатика и Програмирање | Татјана Ѓурев |
| IX-1,2,3 | Нашата татковина, | Наташа Стефановска |
| IX-1,2,3 | Народни танц и ора | Лидија Водјаник |

### *8.9.Дополнителна настава*

Дополнителната настава се организира за учениците кои потешко напредуват во наставата по одредени предмети за да ги постигнат, со цел да се постигнат очекуваните резултати по барање на ученикот, родителот и по проценка на наставникот се организира дополнителна настава.За посетата на ученикот на дополнителна настава се води евиденција од одделенскиот односно предметниот наставник и се известуваат родителите во рок од три дена од денот на констатирање на потребата да посетува ученикот дополнителна настава. Распоредот на часови за дополнителна настава се истакнува јавно на огласна табла или на веб страна на месечно ниво. ПРИЛОГ бр.20

### *8.10. Додатна настава*

Додатна настава се организира за учениците кои постигнуваат значителни резултати по одделни наставни предмети. Додатната настава за учениците наставникот е должен да им ја понуди на учениците, а учениците одлучуваат дали ќе ја посетуваат додатната настава. Распоредот на часови за додатна настава се истакнува јавно на огласна табла или на веб страна на месечно ниво. ПРИЛОГ бр.19

### *8.11. Работа со надарени и талентирани ученици*

Работата со надарените деца денес претставува важен сегмент во образовниот систем. Знаењата и вештините можат да се научат, но талентот ученикот го носи во себе, а наставникот преку својата работа треба да го препознае и мотивира неговиот индивидуален развој, како и да го поддржи талентираниот ученик. Во нашето училиште нема ученици со наод и мислење дека се надарени или талентирани, но доколку наставниците детектираат ученици со зголемени интереси, способности, афинитети, мотивација и повисока интелигенција за една или повеќе области изработуваат индивидуални планови и програми за работа со нив со цел развој на способности, вештини и компетенции на учениците потребни за задоволување на сопствените самоактуелизирачки потреби, проценка на сопствените способности и остварување на соработка со ученици во групи. Ова ќе се оствари преку :

-меѓупредметно поврзување – интегрирање на содржините за кои овие ученици покажуваат интерес, со тоа ќе се добијат можности за планирање на работа на проекти, теренска настава или тематски истражувања.

- Менторската настава.
- Диференцирани задачи со проблемски карактер.
- Групна настава за учениците со приближно исти способности ;
- Додатна настава
- Проектни активности;
- Слободни ученички активности;
- Организирање натпревар, конкурси и истражувачки активности;
- Организирање креативни работилници
- Консултативно советодавна работа со родителите на овие ученици
- Остварување на контакти со релевантни институции вон училиштето за прифаќање и вклучување на надарените ученици

За овие ученици се користат принципите на индивидуализација и диференцијација, но и работа во мали групи.Активностите ќе се реализираат во текот на цела учебна година.

| Акционен план за работа со надарени и талентирани ученици за учебна 2022 2023 год | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Задачи | активности | Време | носители | инструменти | очекувани резултати | Одговорни |
| Идентификација на талентирани и надарени ученици | Евидентирање на надарените ученици преку прашалници , разговори и тестови | Септември 2022 | Избраните ученици | Евидентирање на надарените ученици преку прашалници , разговори и тестови | Правилен избор на надарени и талентирани ученици | Наставниците по наставните предмети и психологот |
| Вклучување на талентираните и надарените ученици во додатна настава и воннаставни ученички активности | Примена на современи наставни методи и форми-избор на задачи, материјали, дополнителна литература за развивање на интересите и талентираноста-надареноста на овие ученици | Во текот на целата учебна година | Избраните ученици | Примена на современи наставни методи и форми-избор на задачи, материјали, дополнителна литература за развивање на интересите и талентираноста-надареноста на овие ученици | Надарените и талентираните ученици се вклучени во додатна настава и воннаставни активности | Наставниците по наставните предмети |
| Следење на индивидуалните постигања на талентираните и надарените учениците | Евиденција на успехот, редовноста и однесувањето. Анализа на постигањата на талентираните и надарените ученици од работата во воннаставните ученички активности и додатна настава | Во текот на целата учебна година | Избраните ученици | Евиденција на успехот, редовноста и однесувањето. Анализа на постигањата на талентираните и надарените ученици од работата во воннаставните ученички активности и додатна настава | Се следи континуиранiот напредок на талентираните и надарените учениците и се даваат насоки за понатамошен напредок | Наставниците по наставните предмети |
| Евалуација на | Утврдување на јаки/слаби | Мај 2023 | Избрани | Утврдување на јаки/слаби | Се очекува | Наставниците по |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| активностите предвидени со програмата за работа со талентирани и надарените ученици | страни од реализацијата на програмата за работа со талентирани и надарени ученици. Изготвување на стратегија за понатамошна работа | | те ученици | страни од реализацијата на програмата за работа со талентирани и надарени ученици. Изготвување на стратегија за понатамошна работа | талентираните и надарените учениците да постигнат одлични резултати на соодветните натпревари | наставните предмети и психологот |

### *8.12. Работа со ученици со посебни образовни потреби*

Во нашето училиште има 17 ученика со попреченост и специфични потешкотии во учењето. За учениците со попреченост изработуваме Индивидуален образовен план, а за учениците со специфични потешкотии во учењето се применуваат принципите на Индивидуализација и Диференцијација. Во училиштето има дефектолог кој работи дополнително со учениците. За учениците со посебни образовни потреби ресурсниот центар ОУРЦ ,,д-р Златан Сремец"обезбедува лица за придружба лични или образовни асистенти. Училишниот тим е составен од следните членови: Даниела Штерјова директор, Вања Врдинова дефектолог, Даниела Панајотова -педагог, Светлана Јовевска психолог, Нада Анчевска-одделенски наставник, Ники Радосављевиќ-предметен наставник, Тања Лекоска-родител, Маја Темелковска- родител. Согласно проценките направени во изминатата учебна година, како и податоците од уписот на првачиња, во 2022/2023 вкупниот број на ученици со ПОП изнесува 17. Во продолжение табеларно се прикажани наставниците кои работат со ученици со ПОП, како и за кои предмети ќе биде потребно да се изготви индивидуален образовен план за работа со учениците.

Програма за работа на инклузивниот тим ПРИЛОГ бр.11

| Наставик | Одд.во кое е вклучен ученикот | Предмет за кој се изработува ИОП | Реализатори | Време на изработка | Период на имплементација | Индикатори за успешност |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Анѓелина Трпковска Атина Младеновска | III-одделение | Македонски јазик Математика Природни науки Музичко образование Ликовно образование Физичко и | Наставници дефектолог, психолог, педагог, родител | континуирано | Септември | Континуирано преку целата учебнат година |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | здравствено образование | | | | |
| Силвана Крстевска | V-одделение | Македонски јазик Математика Природни науки Општество образование Музичко образование Ликовно образование Физичко и здравствено образование | Наставници дефектолог, психолог, педагог, родител | континуирано | Септември | Континуирано преку целата учебнат година |
| Татјана Ѓурев | VI-одделение | Македонски јазик Математика Природни науки Општество Работа со компјутер и основи на програмирање Техничко образование Музичко образование Ликовно образование Физичко и здравствено образование | Наставници дефектолог, психолог, педагог, родител | континуирано | Септември | Континуирано преку целата учебнат година |
| Александра Митровска | VI-одделение | Македонски јазик Математика Природни науки Општество Работа со компјутер и основи на програмирање Техничко образование Музичко | Наставници дефектолог, психолог, педагог, родител | континуирано | Септември | Континуирано преку целата учебнат година |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | образование Ликовно образование Физичко и здравствено образование | | | | |
| Билјана Ромевски Ники Радосављевиќ Катерина Милевска Ана Илиевска Мирјана Николовска Маргарита Богоевска Татјана Ѓурев Мирјана Патаракоска Олгица Бајалџиева Тони Шулајковски Лидија Водјаниќ Александар Аргироски | VII-одделение | Македонски јазик Математика Англиски јазик Германски јазик Историја Географија Биологија Физика и природни науки Хемија Информатика Музичко образование Ликовно образование Физичко и здравствено образование | Наставници дефектолог, психолог, педагог, родител | континуирано | Септември | Континуирано преку целата учебнат година |
| Наташа Стефановска Ники Радосављевиќ Биљана Ромевски Катерина Милевска Ана Илиевска Мирјана Николовска Маргарита Богоевска Татјана Ѓурев Мирјана Патаракоска Олгица Бајалџиева Тони Шулајковски | VIII-одделение | Македонски јазик Математика Англиски јазик Германски јазик Историја Географија Биологија Физика и природни науки Хемија Информатика Музичко образование Ликовно образование Физичко и здравствено | Наставници дефектолог, психолог, педагог, родител | континуирано | Септември | Континуирано преку целата учебнат година |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Лидија Водјаниќ Александар Аргироски | | образование | | | | |
| Ана Илиевска Ники Радосављевиќ Биљана Ромевски Катерина Милевска Ана Илиевска Мирјана Николовска Маргарита Богоевска Татјана Ѓурев Мирјана Патаракоска Олгица Бајалџиева Тони Шулајковски Лидија Водјаниќ Александар Аргироски | VIII-одделение | Македонски јазик Математика Англиски јазик Германски јазик Историја Географија Биологија Физика и природни науки Хемија Информатика Музичко образование Ликовно образование Физичко и здравствено образование | Наставници дефектолог, психолог, педагог, родител | континуирано | Септември | Континуирано преку целата учебнат година |
| Ники Радосављевиќ Биљана Ромевски Катерина Милевска Ана Илиевска Мирјана Николовска Маргарита Богоевска Татјана Ѓурев Мирјана Патаракоска Олгица Бајалџиева Тони Шулајковски Лидија Водјаниќ Александар Аргироски | 2 ученика IX-одделение | Македонски јазик Математика Англиски јазик Германски јазик Историја Географија Биологија Физика и природни науки Хемија Информатика Музичко образование Ликовно образование Физичко и здравствено образование | Наставници дефектолог, психолог, педагог, родител | континуирано | Септември | Континуирано преку целата учебнат година |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Лидија Водјаниќ Биљана Ромевски Катерина Милевска Ана Илиевска Даниела Штерјова Мирјана Николовска Маргарита Богоевска Олгица Бајалџиева Мирјана Патаракоска Татјана Ѓурев Тони Шулајковски Александар Аргироски | 2 ученика VIII-одделение | Македонски јазик Математика Англиски јазик Германски јазик Историја Географија Биологија Информатика Музичко образование Ликовно образование Физичко и здравствено образование | Наставници дефектолог, психолог, педагог, родител | континуирано | Септември | Континуирано преку целата учебнат година |

**9. Воннаставни активности**

Вонаставните активности претставуваат интегрално и мошне значајно подрачје во севкупната воспитно-образовна дејност на училиштето. Затоа во овој дел на Годишната програма се содржани основите за организирање и програмирање на: Слободните ученички активности.

Прилог бр.18

***9.1. Училиштни спортски клубови***

УСК ПЕТАР ПОП АРСОВ со решение од Централен регистар е основан од 17.10.2014 година , со решение од Агенција за млади и спорт е од 06.11.214 година.

Одговорни наставници се наставниците по физичко и здравствено образование:

- Проф.Александар Аргироски0
- Проф.Гоце Дукоски

Планирани се следниве активности за учебната 2021/2022 година : одбојка, кошарка, ракомет, футсал, танци со спортско-корективна гимнастика, зимски камп,  зимска ски школа и летен спортски камп.

Во нив се планира да се опфатат ученици од прво до деветто одделение од различен пол. Активностите од спортовите ќе се реализираат во фискултурната сала на О.О.У. Петар Поп Арсов. Зимскиот камп, зимската ски школа и летниот спортски камп ќе бидат во договор со училиштето , општината и согласност од родителите.

Во реализацијата на активностите ќе учествуваа предметните наставници по физичко и здравствено образование, како и надворешни стручни соработници доколку има потреба од тие области.

Информациите за реализација на овие активности почнуваат во септември со почетокот на учебната година преку поставени плакати во училиштето и лично објаснување од страна на наставниците по физичко и здравствено образование.

Начинот на финансирање е регулиран од страна на општината, со одлука во која родителот потпишува согласност дека се согласува да плаќа членарина од 600 денари месечно за два пати неделно тренинзи. Истата е во согласност со статутот на училишниот спортски клуб Таа членарина е фиксна за сите училишта на територија на општина Карпош. Учениците од социјални семејства се ослободени од членарина.

Тимот за следење и реализација на програмата е стручниот тим од наставници по физичко и здравствено образование.

Начинот на евалуација го следиме во континуитет и секоја година целта на Федерацијата на училишен спорт и Министерството за образование е да има што поголем опфат на деца во овие вон наставни активности, за што ние даваме извештај до Федерацијата на училишен спорт за видовите на активности и бројот на вклучени ученици во тие активности,а тие ги сумираат од целата држава и го препраќаат до Министерство за образование. Целта е да се стигне до опфат од околу 60 – 70 % од учениците во училиштата.
Според годишната програма за 2022-2023 година за училишен спорт,предвидено е да се реализираат следниве активности: одбојка, кошарка, ракомет, футсал, спортско-корективна гимнастика,зимски камп и летен спортски камп. Во нив ќе бидат опфатени ученици од прво до деветто одделение од различен пол. Активностите ќе се реализираат во фискултурната сала на О.О.У. Петар Поп Арсов, додека зимскиот камп во Банско Р. Бугарија, а летниот спортски камп во Грција. Во реализацијата на активностите ќе учествуваат предметните наставници по физичко и здравствено образование, како и надворешни стручни соработници.

Предвидени натпревари и турнири се тие што ќе бидат во организација на општина Карпош и Федерација на училишен спорт.

Прилог бр.18

### *9.2. Секции/клубови*

Низ слободните ученички активности се создаваат претпоставки за задоволување и негување на индивидуалните интереси и способностите на учениците. Слободните ученички активности се реализираат во слободното време на учениците и врз основа на соодветни програми што се составен дел на оваа програма.
Изборот на слободните ученички активности се спроведува на почетокот на учебната година преку анкетни листови на првата недела од месец септември. Во зависност од избраните активности на учениците наставникот формира секции/клубови на кои работи со учениците по еден час неделно. Наставниците овие слободни ученички активности ги реализираат според претходно изработен план и програма. Слободните ученички активности во одделенска настава функционираат на ниво на актив (одделение).

| | **Секција/клуб** | **Одд.** | **Наставник** |
|---|---|---|---|
| **1.** | Клуб на млади литерати | VI, VII | Марија Петкова |
| **2.** | Новинарска секција | VIII,IX | Биљана Ромевски |
| **3.** | Литературно-драмски клуб | VIII | Марија Танеска |
| **3.** | Млади англичани | I-IX | Ники Радосављевиќ, Александра Петковска Митровска и Александра Митровска |
| **4.** | Млади германисти | VI-IX | Ана Илиевска |
| **5.** | Математика низ игра и забава | VII, IX | Валентина Ристевска Димоска |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **6.** | Математика низ игра и забава | VI, IX | Магдалена Јорданова Петковска |
| **7.** | Математика низ игра и забава | VII, VIII | Катерина Милевска |
| **8.** | Млади физичари | VIII, IX | Мирјана Патаракоска |
| **9.** | Млади хемичари | VIII, IX | Бинета Тодорова |
| **10.** | Млади историчари | VI- IX | Мирјана Николовска и Наташа Стефановска |
| **11.** | Географска секција | VII- IX | Маргарита Богоевска |
| **12.** | Биолошка секција | VII- IX | Олгица Бајалџиева |
| **13.** | Ликовна секција | VI- IX | Тони Шулајковски |
| **14.** | Училиштен спорт | VI- IX<br>I, II ,III | Александар Аргировски и Гоце Дуковски,Мартин Савески |
| **15.** | Информатички клуб | VI, VII | Татјана Ѓурев |
| **16.** | Хор | VI- IX | Лидија Водјаник |
| **17.** | Библиотекарска секција | I-IX | Оливера Котева |
| **18** | Драмско рецитаторски клуб | III | Мимоза Драгутиновска |
| **19.** | Ликовен клуб | III | Ангелина Трпковска |
| **20.** | Ритмичко балетски клуб | III | Христина Саздовска |
| **21.** | Литературен клуб | III | Ирена Лозаноска |
| **22.** | Уметнички клуб | III | Атина М. Трајковска |
| **23.** | Литературен клуб | IV | Наташа Пејчиќ |
| **24.** | Драмско рецитаторски клуб | I | Анета Спировска |
| **25.** | Музичка секција | I | Јана Перковска |
| **26.** | Ликовен- креативен клуб | IV | Славица Несторовска Дамјановиќ |
| **27.** | Математички клуб | IV | Ана Гарванлиева |
| **28.** | Клуб за позитивна енергија | II | Катерина Велковска |
| **29.** | Драмско рецитаторски клуб | V | Силвана Крстевска |
| **30.** | | I | Гордана Мисајловска |
| **31.** | Ликовен клуб | V | Нада Анчевски |
| **32.** | Математички клуб | V | Рената Брезовска |
| **33.** | Музички клуб | II | Ивана Крстоска |
| **34.** | Ликовен клуб | I | Андреј Михајловски |
| **35.** | Ритмичко балетски клуб | I | Билјана Петрова |
| **36.** | Математички клуб | I | Анета Влаховиќ |
| **37.** | | II | Оливера Саздова |
| **38.** | математички клуб | II | Јелена Благојевиќ |
| **39.** | | I | Зденка Митревска |
| **40.** | Математичка секција | II | Аница Оносимоска |

### *9.3. Акции*

Акциите што се одржуваат во училиштето се значаен дел од неговата севкупната воспитно-образовна дејност. Во нив активно земаат учество учениците, родителите и наставниците. Акциите претставуваат битен дел од едукацијата на учениците во училиштето. Со вклучување на учениците во различни активности како што се: хуманитарни акции што подразбираат собирање парични средства преку организизираење и активно учество на базари, хепенинзи, донирање на облека ,собирање на училишен прибор, како и учество во еко акции (собирање стара хартија за рециклирање, средување на училниците, чистење и уредување на училишниот двор и др.). Имаат за цел да развиваат интерес кај учениците за вклучување во

општествено корисна работа, задоволство од работата, поттикнување на хуманоста и солидарноста кај децата, развивање на позитивен однос кон другарчињата како и поттикнување на учениците да дејствуваат и размислуваат еколошки, односно од најмала возраст да се создадат еколошки навики со што во иднина би имале почиста животна средина.

| Акционен план за акции за учебна 2022 2023 год | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| задачи | активности | време | носители | инструменти | очекувани резултати | одговорни |
| Уредување и прилагодување на просторот во училниците изработка на нагледни средства | Уредување на училишната зграда и училишниот двор | Континуирано цела учебна година | Наставници и ученици | Изработени нагледни средства, плакати, паноа, фотографии | Средување на училниците чистење и уредување на училишниот двор од страна на учениците. | Наставници и ученици |
| Свест и одговор-ност за чиста и здрава околина и лична хигиена ,,Чистотата е половина здравје,, | Создавање навики за чиста средина,хигиена | Во текот на наставната година | Наставници и ученици | Презентација, работилници, фотографии | Создавање свест и одговорност за личната хигиена и нивната околина. | Наставници по активи |
| Поттикнување на хуманоста и солидарноста кај децата (собирање средства за социјално загрозени семејства) | Хуманитарна акција | Ноември | Наставници и ученици-те од I-IX одд., родители | Извештај за реализирана хуманитарна акција | Се поттикна солидарноста и хуманоста кај учениците за помош на ранливите категории. | Наставници по активи |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Поттикну-вање на учениците да дејствува-ат и размислу-ваат еколошки Свест,одговорност и љубов кон животната средина-природата (одбележување со засадување на дрвце во дворот и саксиско цвеќе во училницата) | Ден на Екологија | Март | Наставни-ци и ученици-те од I-IX одд.,родители | Литературни творби, цртежи, презентаци-ја, семе за цвеќе, дрвце за садење, извештај за реализирана еко-акција | Создавање свест и одговорност за природата. | Нас-тавни-ци по активи |
| Развивање на еко-свест за грижа и љубов кон нашата планета Земја | Ден на планетата Земја | Април | Наставни-ци и ученици-те од I-IX одд. | Видео презентаци-ја, извештај за реализирана еко-акција | Развивање еко-свест и љубов кон планетата Земја | Нас-тавни-ци по активи |
| Креатив-ност за уредување на училиштето врз основа на креативни идеи добиени од учениците | Украсува-ње на училницата за дочек на Нова година, Велигден , Ден на шегата, Ден на пролетта | Декем-ври, март, април мај | Наставни-ци и ученици-те од I-IX одд. | Извештај за реализирана работилница, цртежи, паноа, украси, маски, фотографии | Се развиe и се создаде креативноста, идејата,фантазијата за уредување и украсување на просторот. | Нас-тавни-ци по активи |
| Организира-ње на Новогоди-шен хепенинг, изработка на украси и честитки | Новогоди-шен хепенинг | Декем-ври | Наставни-ци и ученици-те од I-IX одд., родители | Извештај , фотографии, изработени украси | Одбележува-ње на новогодиш-ните празници, соработка со родителите и учениците, развивање креативност, | Нас-тавни-ци по активи |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | почитување и емпатија | |
| Да развиваат интерес кај учениците за вклучува-ње во општествено корисна работа, учат за селектирање на отпадот | ЕКО –акција собирање пластика, хартија... | Во текот на наставната година | Наставни-ци и ученици-те од I-IX одд., родители | Извештај, фотографии | Создавање интрес кај учениците за општествено корисна работа и за селектира-ње на стара пластика и хартија за рециклира-ње. | Нас-тавни-ци по активи |

Тим за следење Даниела Штерјова- директор, Даниела Панајотова- педагог, Вања Врдинова- дефектолог, Светлана Јовевска – психолог, Мирјана Бислимовска- совет на родители, Анета Влаховиќ – одд наставник,Татјана Ѓурев – предметен наставник, Преставник од ученички парламент.

## 10. Ученичко организирање и учество

Согласно член 68 од Законот за основно образование училишната заедница ја сочинуваат сите ученици во училиштето. Таа ги опфаќа сите учениците од ***I*-IX** одделение. За организирано остварување на интересите на учениците во основното училиште, учениците се организираат во заедница на паралелка и ученички парламент.

Ученичкиот парламент го сочинуваат претседателите на заедниците на паралелките. Првото свикување на ученичкиот парламент го врши директорот на училиштето. Ученичкиот парламент:

– активно учествува во застапување и промовирање на правата и интересите на учениците,

– го промовира ученичкиот активизам,

– учествува во активности за обезбедување врсничка поддршка на учениците со посебни образовни потреби, во реализација на наставата и воннаставните активности,

– учествува во подготовката на годишната програма за работа,

– дава предлог активности за годишните програми за екскурзии,

– дава предлози за воннаставни активности на училиштето,

– дава предлози за подобрување на ученичкиот стандард,

– учествува во евалуацијата на работата на училиштето,

– преку свои претставници учествува во советот на родители и наставничкиот совет и
– организира и учествуваат во хуманитарни активности, еколошки активности и општествено корисна работа.

Претседателот на ученичкиот парламент се избира со мнозинство гласови од вкупниот број на претставници од претседателите на заедниците на паралелките по пат на тајно гласање.

Ученичкиот правобранител се грижи за заштита и унапредување на правата на учениците во училиштето. Ученичкиот правобранител се избира со мнозинство гласови од учениците од седмо до деветто одделение, по пат на тајно гласање.

ПРИЛОГ бр.13 Прилог бр 14

## 11. Вонучилишни активности

### *11.1. Екскурзии, излети и настава во природа*

Во учебната 2022/2023 год планирани се ученички екскурзии, излети.настава во природа летен и зимски одмор. За учениците од петто одделение планирана е настава во природа, за учениците од шесто одделени планирана е наставно научна екскурзија во траење од два дена. За учениците од деветто одделение планирано е наставно научна екскурзија во траење од три дена. Во текот на учебната година планиран е еден излет во св.Никита село Кучевиште пролет во учебната 2022/2023 год. Тим за изработка на годишната програма за екскурзии се Даниела Штерјова, Гоце Дуковски, Александар Аргироски, одделенски раководители на III,V, VI и IX одделение.

| Место | Одделение | Време на реализација |
|---|---|---|
| **Еднодневен пролетен излет Сарај** | I-IX | Мај 2023 / еднодневна |
| **Настава во природа - Охрид** | V | Мај 2023 / тродневна |
| **Наставно научна екскурзија Источна Македонија** | VI | Мај 2023 / дводневна |
| **Наставно научна екскурзија Западна Македонија** | IX | Октомври 2022 / тродневна |
| **Еднодневна екскурзија Маврово** | III | Мај 2023 / еднодневна |

### *11.2. Податоци за учениците од основното училиште вклучени во вонучилишни активности*

Учениците од училиштето учествуваат во голем број на вонучилишни активности како што се кошаркарски клуб, ракометен клуб, фудбалски клуб, одбојкарски клуб, училишта за танц, ликовни школи и сл. Учениците ќе се евидентират кога ќе започне учебната година.

## 12. Натпревари за учениците

Најдобрите ученици земаат учество на регионални, општински, градски и републички натпревари покажувајќи ги своите квалитети. Нашите ученици учествуваат на сите натпревари по сите предмети организирани од акредитирани здруженија. Училиштето обезбедува средства за учество на натпреварите и тимска поддршка на натпреварувачите и нивните ментори. По сите наставни предмети се реализираат училишни натпревари.
ПРИЛОГ бр.21

## 13. Унапредување на мултикултурализмот/интеркуртуларизмот и меѓуетничката интеграција

Активностите за промоција на мултикултурализам ќе се реализираат во рамките на Проектот за меѓуетничка интеграција во училиштето. Идејата е размена на култури, традиции, заедничко промовирање на културното наследство меѓу двете училишта преку взаемни посети на културни и образовни манифестации, празници и фестивали. Односно сакаме да бидеме промотери на еднаквоста, мирот, соживотот и толеранцијата, размена на културните и верските, како и образовните вредности.
Покрај запознавањето на различните етникуми во РС Македонија, учениците, нивните родители, и наставниците, ќе можат да ги разбијат стереотипите кои владеат на ова поднебје, и заеднички да се придонесе за развој на мултикултурно општество, давајки свој продонес и учество.

Реализацијата на МИМО часовите се врши преки **4 етапи**

**1 етапа** се работилници со цел учениците да учат низ искуство, практикувајќи ги своите знаења , вештини и ставови кои ќе ги поттикнат да ја прифатат мултикултурната реалност во Р С Македонија. Во овие работилници учениците се учат да се оспособат да ги прифатат различностите меѓу луѓето(физички изглед, вера, обичаи, потекло и сл.) како позитивни особини.Учениците треба да ги препознаат и разбијат своите стереотипи и предрасуди. Треба да ги идентификуваат причините кои ги насочуваат кон конфликтни ситуации и да ги елиминираат.Треба да користат ненасилна комуникација со цел да се отстранат причините за разните облици на дискриминација.Дружењето и пријателствата да продолжат и надвор од училишниот живот. Секој ученик треба да си ги знае правата кои му се загарантирани со закон и да си ги почитува и практикува.

**2 етапа** (ноември и декември 2022 год)се нови неколку работилници, истражувања, проекти.

**3 етапа** (мај 2023 год) е квиз на знаења

**4 етапа** (јуни 2023 год) е сумирање на резултатите од целата учебна година

Сите презентации, нагледни средства и користени материјали ке се претставуваат и на учениците од другите активи со цел размена на искуства, мотивација и поттик за понатамошна активност.
Во рамките на овој проект со оглед на тоа што нашето училиште е етничко македонско ние имаме соработка со збратимено турско училиште од - ООУ.„Тефејуз “.Доколку се обезбедат финансиски средства за транспорт на ученици и наставници ,во текот на учебната година планирани се неколку средби во нашето и во нивното училиште.Поканети сме кај нив на традиционалниот гроздобер кон крај на Септември,потоа за заедничко одбележување на

верските празници Курбан Бајрам и Рамазан Бајрам, разни спортски активности , заеднички часови и презентации.Тие се поканети кај нас за прослава на Василица(паричка во пита),Велигден(заеднички хепенинг),потоа спортски активности,излети и сл.Во текот на декември2020 ќе аплицираме (за парични средства) за грант на МОН ,доколку ги добиеме сите планирани активности ќе ни бидат во целост реализирани,во спротивно ќе се реализираат во зависност од финансиските можности на училиштето.

Координатор Гордана Мисајловска и членовите на СИТ-тимот, Наташа Стефановска, Мирјана Николовска, Александра Кузмановска,Силвана Крстевска.
ПРИЛОГ бр.22

## 14.Проекти што се реализираат во основното училиште

Во училиштето се реализират бројни проекти. Наставниците аплицираат на проекти од кои има бенифит училиштето и учениците. Со учеството на проектите се афирмира нашето училиште како на локално така и на национално ниво.Оваа учебна година ќе продолжат да се реализираат проектите кои се дадени во прилог.
Прилог бр. 16

## 15. Поддршка на учениците

### *15.1. Постигнување на учениците*

Училиштето континуирано го следи постигањето на учениците од различен пол, етничка припадност и според наставните предмети. Прави анализа и споредба на успехот и поведението на секој класификационен период, изработува полугодишен и годишен извештај за својата работа. За да ги подобри постигањата на учениците училиштето ќе превземе активности преку: ревидирање на планирањата на наставниците, примена на нови техники, форми, формативно и сумативно оценување, примена на ИКТ во наставата, примена на расположливи средства и технички помагала,индивидуална работа, преку додатна и дополнителна настава,преку соработка со родителите и стручните соработници, реализирање на предавања за техники на учење од страна на стручната служба,изготвување на задачи по тежински нивоа, квалитетни годишни програми,теаматски планирања, дневни планирања, примена на знаења од обуки во наставата. Сите овие активности се превземени со цел да се подобри постигањето на учениците

Според реализираната анализа во учебната 2021/2022год учениците го постигнаа следниот успех.

| | Одлични | | Многу добри | | Добри | | Доволни | | Со 1 негативна | | Со 2 негативни. | | Повторувачи | | Среден успех |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Бр. | % | Бр. | % | Бр. | % | Бр. | % | Бр. | % | Бр. | % | Бр. | % | |
| машки | 202 | 45,09 | 8 | 1,79 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | 4,96 |
| женски | 231 | 51,56 | 7 | 1,56 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | 4,97 |

| | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| вкупно | 433 | 96,65 | 15 | 3,35 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | **4,97** |

### *Среден успех по наставен предмет*

#### *ПРЕГЛЕД НА УСПЕХОТ ПО ПРЕДМЕТИ (БРОЈЧАНО ОЦЕНУВАЊЕ) ОД IV-IX*

| **Ред.број** | **Наставни предмети** | 5 | % | 4 | % | 3 | % | 2 | % | 1 | % | **Среден успех** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1.** | Македонски ј. | 397 | 88,62 | 40 | 8,93 | 11 | 2,46 | / | / | / | / | 4,86 |
| **2.** | Англиски ј . | 428 | 95,54 | 17 | 3,79 | 3 | 0,67 | / | / | / | / | 4,95 |
| **3.** | Германски ј. | 289 | 90,88 | 21 | 6,60 | 8 | 2,52 | / | / | / | / | 4,88 |
| **4.** | Математика | 382 | 85,27 | 41 | 9,15 | 23 | 5,13 | 2 | 0,45 | / | / | 4,79 |
| **5.** | Историја | 303 | 95,28 | 14 | 4,40 | 1 | 0,31 | / | / | / | / | 4,95 |
| **6.** | Географија | 305 | 95,91 | 9 | 2,83 | 4 | 1,26 | / | / | / | / | 4,95 |
| **7.** | Граѓанска култура | 166 | 100,00 | / | / | / | / | / | / | / | / | 5,00 |
| **8.** | Биологија | 196 | 80,99 | 34 | 14,05 | 12 | 4,96 | / | / | / | / | 4,76 |
| **9.** | Физика | 129 | 77,71 | 25 | 15,06 | 12 | 7,23 | / | / | / | / | 4,70 |
| **10.** | Хемија | 134 | 80,72 | 17 | 10,24 | 15 | 9,04 | / | / | / | / | 4,72 |
| **11.** | Ликовно бразование | 441 | 98,44 | 6 | 1,34 | 1 | 0,22 | / | / | / | / | 4,98 |

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **12.** | Музичко образвание | 415 | 92,63 | 25 | 5,58 | 8 | 1,79 | / | / | / | / | 4,91 |
| **13** | Физичко и здр.образ. | 446 | 99,55 | 1 | 0,22 | 1 | 0,22 | / | / | / | / | 4,99 |
| **14.** | Информатика | 150 | 98,68 | 1 | 0,66 | 1 | 0,66 | / | / | / | / | 4,98 |
| **15.** | Техничко образвание | 206 | 100,00 | / | / | / | / | / | / | / | / | 5,00 |
| **16.** | Природни науки | 194 | 94,17 | 11 | 5,34 | 1 | 0,49 | / | / | / | / | 4,94 |
| **17** | Етика | 74 | 97,37 | 2 | 2,63 | / | / | / | / | / | / | 4,97 |
| **18** | Иновации | 75 | 100,00 | / | / | / | / | / | / | / | / | 5,00 |
| **19** | Општество | 121 | 93,08 | 9 | 6,92 | / | / | / | / | / | / | 4,93 |
| **20** | Работа со компјутери и основи на програмирање | 63 | 100,00 | / | / | / | / | / | / | / | / | 5,00 |
| **Изборни предмети** | | | | | | | | | | | | |
| **21** | Проекти од информатика | 53 | 100,00 | / | / | / | / | / | / | / | / | 5,00 |
| **22** | Вештини за живеење | 76 | 100,00 | / | / | / | / | / | / | / | / | 5,00 |
| **23** | Нашата татковина | 60 | 100,00 | / | / | / | / | / | / | / | / | 5,00 |
| **24** | Програмирање | 38 | 100,00 | / | / | / | / | / | / | / | / | 5,00 |

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **25** | Танци и ора | 15 | 100,00 | / | / | / | / | / | / | / | / | 5,00 |
| **26** | Класична култура во Европската цивилизација | 46 | 100,00 | / | / | / | / | / | / | / | / | 5,00 |
| **27** | Запознавање со религии | 30 | 100,00 | / | / | / | / | / | / | / | / | 5,00 |
| **28** | Творештво | 63 | 100,00 | / | / | / | / | / | / | / | / | 5,00 |
| **29** | Цртање, сликарство, вајарство | 19 | 100,00 | / | / | / | / | / | / | / | / | 5,00 |
| **30** | Разрешување конфликти | 19 | 100,00 | / | / | / | / | / | / | / | / | 5,00 |
| **31** | Градинарство | 48 | 100,00 | / | / | / | / | / | / | / | / | 5,00 |
| **32** | Техничко онразование | 48 | 100,00 | / | / | / | / | / | / | / | / | 5,00 |
| | Вкупно | 5429 | 93,52 | 273 | 4,70 | 101 | 1,74 | 2 | 0,03 | / | / | **4,92** |

Споредбена анализа на успехот по учебни години

| **учебна година** | **општ успех по учебни години** |
|---|---|
| **2015/16** | **4,84** |
| **2016/17** | **4.80** |
| **2017/18** | **4.81** |

| | |
|---|---|
| **2018/19** | **4.87** |
| **2019/20** | **4,98** |
| **2020/21** | **4,95** |
| **2021/22** | **4,97** |

Тим за еваулација Даниела Штерјова –Директор, Даниела Панајотова Стручна служба
Јелена Благоевиќ одд. наставник Катерина Милевска предметен наставник
Претставник од совет на родители Мирјана Бислимовска, Претставник од Ученички парламент
Прилог бр.40

### *15.2. Професионална ориентација на учениците*

Формираниот тим за професионалниот развој на учениците во состав Светлана Јовевска, Даниела Панајотова, Вања Врдинова и претставник од ученички парламент од деветто одделение ќе превземат повеќе активности поврзани со професионалната ориентација на учениците.

Училиштето им помага на родителите, старателите и на учениците при избор на средно училиште, согласно со нивните способности и афинитети. Психологот во училиштето користи различни активности чек листи, тестови за утврдување на нивните способности, интереси и можности на учениците и се реализира програма за професионална ориентација за учениците од девето одделение.

Прилог бр.24

### *15.3. Промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупореба и запуштање, спречување дискриминација*

Според законот за основно образование се забранува секаков вид на дискриминација како и секој вид насилство во основното образование и воспитание.

За успешно спроведување на законските одредби во нашето училиште се предвидуваат активности за промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупотреба и запуштање, спречување дискриминација, кои во текот на учебната 2021/22 година ќе резултираат со формирање Тим за промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупотреба и запуштање, спречување дискриминација.

Задачи на Тимот за промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупотреба и запуштање, спречување дискриминација ќе бидат:

- Подготовка на Програма за заштита на учениците од насилство, злоупотреба и запуштање, спречување дискриминација
- Информирање на учениците, вработените и родителите за планираните активности;
- Учество во обуки и проекти за развивање на компетенции потребни за превенција на насилство и спречување дискриминација;
- Предлагање на мерки за превенција и заштита, организирање на консултации и учество во проценката на ризик и донесување одлуки за постапки во случај на сомневање или случување на насилство, злоставување и злоупотреба;
- Вклучување на родителите во превентивните и интервентните мерки и зктивности;
- Следење и проценка на ефектите од преземените мерки за заштита на учениците;
- Соработка со стручни лица и институции заради посеопфатна заштита на учениците од насилство;

- Водење и чување соодветна документација;
- Известување на стручните тела и органи во училиштето.

Програмата за промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупотреба и запуштање, спречување дискриминација ќе се однесува на превентивни и интервентни активности.

Активности кои се превземаат за реализација на промоција на добросостојбата на учениците, заштита од насилство, од злоупотреба и запуштање, спречување дискриминација најнапред се однесуваат на превентивни активности , односно запознавање на сите засегнати страни цо целите, задачите и предвидените активности, и тоа: запознавање на учениците преку активности на одделенските часови, одделенската заедница, заедницата на учениците, (преку работилници на одделенските часови, одделенските заедници и сл.) запознавање на наставниците на Наставнички совет со активностите кои ќе бидат реализирани како и со начинот на нивната вклученост во реализирање на истите, информирање на родителите на родителски средби, Совет на родители со активностите кои ќе се реализираат и нивната цел, како и вклученоста на стручната служба на училиштето во промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупотреба и запуштање, спречување дискриминација

Интервентни активности кои ќе се превземаат за реализација на промоција на добросостојба на учениците, заштита насилство, од злоупотреба и запуштање, спречување дискриминација започнуваат со

-активности превземени од одделенскиот раководител, (раководителот на паралелката), наставникот во соработка со родителот, со група ученици или индивидуално.

-следуваат активности превземени од одделенскиот раководител во соработка со педагогот, со Тимот за заштита и со Директорот, со задолжително учество на родителите. Доколку ова недава резултати, Директорот иницира воспитно – дисциплински постапки и се изрекуваат педагошки мерки, согласно Законот и Интерниот акт за изрекување педагошки мерки на Училиштето.

- доколку се покаже потреба се превземаат активности од страна на Директорот со задолжително ангажирање на родителите и доколку е потребно вклучување на надлежните органи (Центри за социјална работа, локална самоуправа, медицински установи, полиција.)

Прилог бр 25

## 16. Оценување

### *16.1. Видови оценување и календар на оценувањето*

Оценувањето на учениците се врши според критериуми и стандарди утврдени од страна на Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образованието. Согласно концепцијата за деветгодишно образование учениците се оценуваат описно и нумерички според три периоди: Учениците кои се опфатени во првиот период I-IIIодделение се оценуваат со описни оценки. Со описното оценување се дава приказ на постигањата на учениците по предмети и опис на социјализацијата и развојот на детето. Учениците кои се опфатени во вториот период IV-VI одделение се оценуваа описно во првото тромесечие и полугодие како и во третото тромесечие,а само на крај на годината со нумерички оценки. Учениците кои се опфатени во третиот период VII-IX одделение се оценуваат само со нумерички оценки. На почетокот на секоја учебна година наставниците изготвуваат План за писмено проверувањена постигањата на учениците и истиот е евидентиран во дневникот на паралелката. Исто така проверувањата на постигањата на учениците (формативно и сумативно оценување) со однапред утврдена динамика, наставниците ја дефинираат во нивните годишни тематски и

процесни планирања. Се користат форми, методи на следење, инструменти за следење на постигањата на учениците ( чек листи, аналитички листи, увид во портфолио.) Поради оптовареност на учениците со писмено оценување училиштето изготвува план за писмено проверување во кој при планирањето се води евиденција за законската ограниченост ( дневно едно писмено проверување а неделно две писмени проверувања).

Доколку на крајот на годината родителот не е задоволен од оценка по некој предмет, а Наставничкиот совет му удоволи на ученикот да ја преиспита оценката по пат на полагање , во тој случај училиштето формира комисија од редот на наставниците по ист или сроден предмет, одделенскиот раководител, а се изема наставникот кој предава. Оваа комисија како и испитните комисии за одделенски или поправен испит училиштето ќе ги формира доколку за нив има потреба неколку дена пред полагањето на истиот онака како што е пропишано во законот.

Прилог бр.26

### *16.2. Тим за следење, анализа и поддршка*

Во училиштето постои тим за следење,анализа и поддршка на наставниците при изведувањето на процесот на оценувањето како и усогласеноста на оценувањето со предвидените стандарди и критериуми за оценување. Тимот е составен од директор стручни соработници ( педагог, психолог и дефектолог ) и претседателите на стручните активи). За да се согледа состојбата во оценувањето во училиштето се врши посета на часови и увид во дневните подготовки, се прибирааат податоци за изготвување на извештаи и компаративни анализи. Стручните соработници изготвуваат анализи и извештаи за успехот и поведението на учениците по завршување на класификационите периоди, исто така изготвуваат и споредбени анализи за успехот на учениците по предмети, паралелки и по пол за 3 години station наназад. При оценувањето се почитува транспарентноста, односно учениците и родителите редовно се информираат за постигањата оцените. Со цел постигнување објективност во оценувањето наставниците континуирано даваат усна и писмена информација за нивните постигања. За истата цел наставниците изготвуваат објективни тестови со квалитетни тест задачи за што интерно се обучени.

Тим за следење Директор Даниела Штерјова, педагог Даниела Панајотова, психолог Светлана Јовевска, дефектолог Вања Врданова, одд.наставник Ивана Крстовска, предметен наставник Валентина Ристеска Димовска

### *16.3. Стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работатана воспитно-образовниот кадар*

Директорот и стручната служба реализираат посети на наставните часови и вон-наставните активности, четири пати во текот на наставата година. Исто така во текот на учебната година ќе се следи работата на вон-наставните активности како клубовите, секциите, организирани посети надвор од училиштето. Директорот и стручните соработници имаат изготвено посебни инструменти за полето на интерес и набљудување на наставните часови. За истите изготвуваат извештаи со препораки за подобрување на квлаитетот на наставата.

Прилог бр.27

### *16.4.Самоевалуација на училиштето*

За да се утврди квалитетот на работата на основното училиште на секои две години согласно Законот за основно образование се изготвува самоевалуација.
За таа цел е избран тим за спроведување на самоевалуацијата во состав:
1. Даниела Панајотова ( педагог)

2. Светлана Јовевска ( психолог)

3. Олгица Бајалџиева ( предметен наставник)

4. Ивана Крстовска ( одд.наставник)

6.Ана Илиевска ( предметен наставник)

5 Мирјана Беслимовска (совет на родители).

Предмет на самоевалуацата се седум клучни подрачја кои се однесуваат на главните аспекти од работата на училиштето. Тимот за спровдување на самоевалуација формира тимови од наставници кои ќе работат на секое подрачје поединечно.
Самоевалуацијата се спроведува во три фази:
- подготвителна фаза;
- фаза на реализација
- фаза на известување и усвојување.

За таа цел се користи целокупната евиденција и документација на училиштето, податоци од професионалните досиеја на наставниците, резултатите од спроведените анкетни прашалници за родителите, учениците и наставниците, согласно индикаторите за секое подрачје. Во учебната 2022 год. е направена самоеваулацијата за претходните две години 2020-2022. Во месец мај 2024 год. ќе се спроведе нова самоеваулација.
Прилог бр.28

### 17.Безбедност во училиштето

Во училишната зграда е истакнат план за евакуација со обележан правец на движење кој што е приложен во Годишната Програма. Училиштето планира и реализација на работилници за заштита и спасување од разни опасности и временски непогоди како и вежби на Тимот за прва медицинска помош.

Прилог бр.29

### 18. Грижа за здравјето

Здравственото образование на децата е приоритет не само заради самото здравје, туку и од гледна точка на самиот образовен систем – за да можат децата да учат треба да се здрави.
Прилог бр.36

### *18.1. Хигиена во училиштето*

За здрава и чиста работна средина се грижат сите учесници во училишниот живот. Техничкиот персонал редовно ги извршува работните задачи така што хигиената во училиштето е на завидно ниво. Во текот на целата година се води грижа да е исправна и да функционира санитарната опрема во тоалетите. Сите тоалети и санитарии редовно се дезинфицираат со дезинфекциони средства. Во тоалетите редовно има течен сапун. Училиштето се грижи

учениците правилно да ги користат санитарните простории, да ја одржуваат личната и колективната хигиена. Ходниците и скалите се чистат два- три пати во денот, училниците редовно се метат,се брише подот, се отстранува отпадот и се проветрува. Мебелот во училниците и канцелариските простории се брише секојдневно. Еднаш месечно се чистат, бришат дрвените и стаклените површини,врати ,прозорци и друг инвентар. Другиот училишен простор со училишниот двор се одржува тековно чист,хортикултурно среден со поставени корпи за отпад. Со цел за чиста и здрава работна средина училиштето спроведува интерни работни акции за средување на работниот простор и училишниот двор.Во месец септември при формирање на ученичкиот парламент ќе се изготви план за дежурства на учениците кои ќе ја следат состојбата во училиштето и ќе имат задача да ја проверуваат состојбата со хигиената во училиштето. Учениците ќе проверуваат дали има течен сапун, дали функционират тоалетите и дали се одржава хигиена во истите. Ученичкиот парламент заедно со наставничкиот совет ќе изготви процедура за одржување на хигиена според препораките на СЗО.

### *18.2. Систематски прегледи*

Систематските прегледи се задолжителни за вработените и за учениците. Тие се вршат во договорени термини во соработка со ЈЗУ-Школска медицина- Карпош Поликлиника Ѓорче Петров ординација- Ѓорче Петров,Републички завод за здравствена заштита- одделение Медицина на трудот; Сектор за епидемиологија и микробиологија и училиштето, според плановите за работа на институциите. За вработените покрај редовниот годишен санитарен преглед на секои три год,се врши и систематски преглед кој опфаќа: општ лекарски преглед, лабаториски преглед,интернистички, офтамотолошки преглед, ОРЛ преглед. Задолжителни систематски прегледи се прегледите за учениците од: Iодд, IIIодд, Vодд, VIIодд и IXодд., кој опфаќа:мерење на висина и тежина, проверка на вид, проверка на ’рбетниот столб и локомоторниот систем, лабараториски преглед на крв и урина. По извршените прегледи се евидентира состојбата и се даваат препораки за понатамошно специјалистичко проследување (доколку има потреба). Задолжителни стоматолошки прегледи се вршат зaучениците од I одд до VIодд, како и залевање на забите, откривање на деформитети и неправилности во растот на забите и вилиците, евиденција на состојбата на забалото, запис во картон. За сите прегледи навремено се информирани родителите и истите се изведуваат во “ЈЗУ “ Карпош со одд.раководител или предметен наставник При договарање на термините за вршење на прегледите се води сметка истите да се извршуваат во термини пред започнување или после завршување на часовите за да не се попречува наставниот процес. Сите добиени резултати, информации,состојби,укажувања се заведуваат во здравствениот картон и се води грижа за тајност и заштита на податоците.

| **Акционен план за систематски прегледи и вакцини за учебна 2022 2023 год** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Задачи** | активности | Време | носители | инструменти | очекувани резултати | Одговорни |
| **Негување и одржување на општата здравствена состојба** | Систематки преглед за I одделение | Февруари/ март | ЈЗУ Школска медицина-Карпош | Извештаи од спроведени систаматски преглед | Мерење на висина, тежина, проверка на видното поле, на држењето | Наставници, ученици и родители/ старатели |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **на учениците** | | | | | на рбетниот столб и локомоторниот систем, лабораториски преглед на крвта и анализа на урината со увид во состојбата | |
| **Негување и одржување на општата здравствена состојба на учениците** | Систематски преглед за III одделение | Октомври/ ноември | ЈЗУ Школска медицина-Карпош | Извештаи од спроведени систаматски преглед | Мерење на висина, тежина, проверка на видното поле, на држењето на рбетниот столб и локомоторниот систем, лабораториски преглед на крвта и анализа на урината со увид во состојбата | Наставници, ученици и родители/ старатели |
| **Негување и одржување на општата здравствена состојба на учениците** | Систематски преглед за V одделение | Март/ април | ЈЗУ Школска медицина-Карпош | Извештаи од спроведени систаматски преглед | Мерење на висина, тежина, проверка на видното поле, на држењето на рбетниот столб и | Наставници, ученици и родители/ старатели |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | локомоторниот систем, лабораториски преглед на крвта и анализа на урината со увид во состојбата | |
| **Негување и одржување на општата здравствена состојба на учениците** | Систематки преглед за VII одделение | Декември/ јануари | ЈЗУ Школска медицина-Карпош | Извештаи од спроведени систаматски преглед | Мерење на висина, тежина, проверка на видното поле, на држењето на рбетниот столб и локомоторниот систем, лабораториски преглед на крвта и анализа на урината со увид во состојбата | Наставници, ученици и родители/ старатели |
| **Негување и одржување на општата здравствена состојба на учениците** | Систематки преглед за IX одделение | Септември/ октомври | ЈЗУ Школска медицина-Карпош | Извештаи од спроведени систаматски преглед | Мерење на висина, тежина, проверка на видното поле, на држењето на рбетниот столб и локомоторниот систем, | Наставници, ученици и родители/ старатели |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | лабораториски преглед на крвта и анализа на урината со увид во состојбата | |
| **Опсевирање на оралната состојна на учениците и евентуална навремена санација** | Стоматолошки преглед за ученици од I одд | Февруари/ март | Поликлиника ,,Ѓорче Петров,, | Запис / евиденција во здравствен картон | Стоматолошки преглед, залевање на заби, откривање на деформитети, неправилности во растот на забите и вилиците, евиденција на состојбата на забалото, запис во евиденција (картон) | Наставници, ученици и родители/ старатели |
| **Опсевирање на оралната состојна на учениците и евентуална навремена санација** | Стоматолошки преглед за ученици од II одд | Ноември / декември | Поликлиника ,,Ѓорче Петров,, | Запис / евиденција во здравствен картон | Стоматолошки преглед, залевање на заби, откривање на деформитети, неправилности во растот на забите и вилиците, евиденција на состојбата на | Наставници, ученици и родители/ старатели |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | забалото, запис во евиденција (картон) | |
| **Опсевирање на оралната состојна на учениците и евентуална навремена санација** | Стоматолошки преглед за ученици од III одд | Октомври/ноември | Поликлиника ,,Ѓорче Петров,, | Запис / евиденција во здравстевен картон | Стоматолошки преглед, залевање на заби, откривање на деформитети, неправилности во растот на забите и вилиците, евиденција на состојбата на забалото, запис во евиденција (картон) | Наставници, ученици и родители/ старатели |
| **Опсевирање на оралната состојна на учениците и евентуална навремена санација** | Стоматолошки преглед за ученици од IV одд | Декември | Поликлиника ,,Ѓорче Петров,, | Запис / евиденција во здравстевен картон | Стоматолошки преглед, залевање на заби, откривање на деформитети, неправилности во растот на забите и вилиците, евиденција на состојбата на забалото, запис во евиденција (картон) | Наставници, ученици и родители/ старатели |
| **Опсевира** | Стоматоло | Јануар | Поликлин | Запис / | Стоматол | Наставниц |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **ње на оралната состојна на учениците и евентуална навремена санација** | шки преглед за ученици од V одд | и / февруари | ика ,,Ѓорче Петров,, | евиденција во здравстевен картон | ошки преглед, залевање на заби, откривање на деформитети, неправилности во растот на забите и вилиците, евиденција на состојбата на забалото, запис во евиденција (картон) | и, ученици и родители/ старатели |
| **Опсевирање на оралната состојна на учениците и евентуална навремена санација** | Стоматолошки преглед за ученици од VI одд | Март / април | Поликлиника ,,Ѓорче Петров,, | Запис / евиденција во здравстевен картон | Стоматолошки преглед, залевање на заби, откривање на деформитети, неправилности во растот на забите и вилиците, евиденција на состојбата на забалото, запис во евиденција (картон) | Наставници, ученици и родители/ старатели |
| **Превенција и заштита на учениците според** | Вакцинација на ученици од I одд | Февруари/ март | ЈЗУ Школска медицина-Карпош | Извештаи од спроведена вакцинација | Ревакцина MRP(морбили, рубеола, паротит) | Наставници, ученици и родители/ старатели |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Програмата за имунизација** | | | | | | |
| **Превенција и заштита на учениците според Програмата за имунизација** | Вакцинација на ученици од II и III одд | Октомври/ ноември | ЈЗУ Школска медицина-Карпош | Извештаи од спроведена вакцинација | Ревакцина DT Polio (дифтерија, тетанус) и тестирање за манту за TBC | Наставници, ученици и родители/ старатели |
| **Превенција и заштита на учениците според Програмата за имунизација** | Вакцинација на ученици од и VII одд | Декември/ јануари | ЈЗУ Школска медицина-Карпош | Извештаи од спроведена вакцинација | Вакцина за детска парализа и тетанус по кои следат ревакцина, а за девојчињата и HPV хуман папилома вирус инфекции | Наставници, ученици и родители/ старатели |
| **Превенција и заштита на учениците според Програмата за имунизација** | Вакцинација на ученици од и IX одд | Септември/ октомври | ЈЗУ Школска медицина-Карпош | Извештаи од спроведена вакцинација | Само девојчиња ревакцина од рубеола, а сите ученици од детска парализа, дифтерија и тетанус во дози и ревакцина | Наставници, ученици и родители/ старатели |
| **Увид здравсвено – хигиенската состојба на вработен** | Санитарен прегледен на вработените | Декември | Центар за Јавно здравје Скопје | Запис во санитарна книшка | Да се контролира општата здравствена состојба кај вработени | Сите вработени |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **ите** | | | | | те, да се врши заштита од заразните болести, бактериолошки и паразитолошки увид кај вработените во училиштето | |
| **Увид во општата здравствената состојба на на вработените и укажување за превентивно делување** | Ситематски преглед за вработените | Март / април | Републички завод за здравствена заштита-Поликлиника | Извештаи од спроведени систаматски преглед | Општ лекарски преглед, лабаторис ки преглед,интернистички, офтамотолошки преглед, ОРЛ преглед | Сите вработени |
| **Регулирање на вакцинирањето од вирусот Ковид 19** | Вакцинација и ревакцинација на вработените | Септемви/октомври | Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија | Потврда/сертификат за вакцинација | Вакцина за Ковид 19 | Сите вработени |

***18.3. Вакцинирање***

Вакцинирањето се врши според Програмата за имунизација на учениците од основните училишта согласно Правилникот за имунопрофилакса и хемопрофилакса при Министерството за здравство , Државен санитарен и здравствен инспекторат. Вакцинирањето се врши во амбулантата “Карпош“во присуство на родител и одделенскиот наставник за учениците од I до Vодд, а за учениците од VI доIX одд.одделенскиот раководител или предметен наставник и родител.-Iодд.за учениците со навршени шест год.-ревакцина MRP(морбили,рубеола, паротит) -

IIодд и IIIодд -ревакцина DT Polio(дифтерија ,тетанус) и тестирање манту за ТВС . По добиените резултати од проверката следи вакцина.-VII одд, вакцини за детска парализа и тетанус по коиследат ревакцини.Во периодот до12-13 години следат вакцини (втора и трета доза) од веќе примените ,а за девојчињата HPV-хуман папилома вирус-инфекции(три дози во одреден период) за кои се известуваат ученичките и родителите кои ја примиле првата доза.-IXодд-само девојчињата се ревакцинираат од рубеола, а сите ученици од: детска парализа , дифтерија и тетанус во дози и ревакцина.

### *18.4. Едукација за здрава исхрана – оброк во училиштата*

За реализација на овој дел од грижата за здравјето на учениците, училиштето го реализираат различни предавања во врска со здрава храна од Виталија и предавање за правилно користење на храната од Центарот за дијабет воедно се реализираат и предавања од стручни лица нутриционалисти организирани од страна на Ванила Фуд. Во почетокот на учебната година секој наставник ќе одржи предавање со учениците во своето одделение. Во годишната програма се планирани работилници кои ќе се реализираат на часовите предвидени на одделенска заедница.

## 19. Училишна клима

### *19.1. Дисциплина*

Училиштето има изградено углед кој е препознатлив по квалитетот на работа и постигањата на учениците, благодарение на тоа што води грижа за остварување на својата мисија и визија, водејќи сметка за целосната секојдневна дисциплина на учениците, а со тоа ја обезбедува и безбедноста на учениците во училиштето. Училиштето има кодекс на однесување кој се однесува на сите структури: ученици, вработени (наставници, стручни соработници, технички персонал) и родители. Кодексот на однесување е донесен и прифатен преку спроведена демократска процедура со партиципација на сите структури поодделно. За непочитување на кодексот на однесување се пропишани соодветни процедури по кои се постапува зависно од прекршување на правилата на однесување. Постои взаемно почитување меѓу сите структури во училиштето. Наставниците преку меѓусебна професионална соработка, како и соработка со раководниот кадар и стручните соработници ја одржуваат позитивната училишна клима и атмосфера која делува поттикнувачки на учениците. Однесувањето на вработените и учениците е соодветно на пропишаните принципи во Кодексот на однесување на училиштето. Вработените се грижат за однесувањето и безбедноста на учениците, како за време на часовите и за време на одморите, така и при приемот и заминувањето на учениците од училиште. Постои распоред за дежурства на наставниците во ходниците, учлниците, дворот и санитарните јазли и секојдневна евиденција за тековните збиднувања. Во случаи на непочитување на правилата на однесување се постапува соодветно Правилникот за изрекување педагошки мерки , пропишан со Законот за основно образование и Интерниот правилник на училиштето, вклучувајќи ги и евидентните листови за насилно однесување помеѓу учениците кои ги водат наставниците, како и протоколите за упатување на разговор на учениците кај стручните соработници.

### *19.2.Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето*

Сите вработени и ученици во училиштето се задолжени да придонесуваат за естетското и функционално уредување на училиштето со свои изработки, проекти и презентации. Во училиштето се организираат разновидни настани чија реализација бара соодветно уредување: патронен празник и хепенинзи на различни теми. Изгледот на училиштето е важен сегмент во

прилагодувањето на учениците и нивно максимално ангжирање во воспитно- образовниот процес. По повод одредени празници во училиштето се формираат комисии за избор на најубаво уредена училница, за која учениците добиваат пригодни награди кои претставуваат мотивација и поттик за континуирано естетско уредување на просторот во училиштето. Со учество на учениците и наставниците во училиштето, а во некои активности и со учество на родителите се води и континуирана грижа за изгледот и хортикултурно уредување на училишниот двор, одржување на зеленилото, цвеќињата, поставените клупи и кантите за отпадоци.

Прилог бр.31

### *19.3. Етички кодекси*

Во училиштето постојат кодекси на однесување за сите субјекти кои го сочинуваат. Кодексите се донесени во согласност со Законот за основно образование, а сите субјекти имаат земено учество во нивното изработување. Кодексите се истакнати на видни места во училиштето и во нив јасно се дефинирани правилата кои треба да се почитуваат. Такви се :

- Етичкиот кодекс за оценувањето на постигањата на учениците;
- Кодекс за однесувањето на наставниците, учениците и родителите;
- Еко-кодекс .
- Училиштето располага и со правилници во кои се предвидени и постапките кои се превземаат при прекршување на правилата пропишани со кодексите, Кодексот на однесување за наставници, ученици и родители.

### *19.4. Односи меѓу сите структури во училиштето*

Во училиштето постои конструктивна комуникација помеѓу сите структури во него (Директор, Училишен одбор, Совет на родители, Ученички парламент, Стручни активи).Таа комуникција се темели на вистински вредности и принципи кои помагаат за подобрување на училишната клима и односите во него. Одговорните на сите структури го сочинуваат тимот кој ќе се грижи за надминување на евентуалните негативни појави во однос на училишната клима, изготвувајќи предлог мерки за нејзино подобрување.Со цел подигнување на квалитетот на комуникацијата и меѓусебната доверба и соработка , вработените во училиштето, како и досега, ќе остваруваат формални и неформални средби, односно ќе се организираат заеднички прослави, екскурзии, свечености, посети и сл. Како и секоја учебна година училиштето ќе организира заеднички средби и прослави по повод: Ден на училиштето -21 октомври, Нова година –31 декември, Ден на жената –8 март, Ден на шегата –1 април, полуматурска прослава –9 јуни, екскурзии за учениците и наставниците.

## 20. Професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

Училиштето води грижа за професионалниот развој на образовниот кадар водејќи сметка редовно да се посетуваат обуките и семинарите кои се одобрени и организирани од МОН и БРО. Стручната служба води професионално досие за секој наставник. Редовно се вршат дисеминации на обуките и семинарите со кои се запознаваат и едуцираат и наставниците кои не биле на обуката или семинарот. Тимот за професионален развој на образовниот кадар направи анкета за професионалната подготовка и стручност на наставниот кадар во која наставниците ги изнесоа своите потреби од дополнителни обуки. Истовремено наставниците и

професионално се надградуваат преку Еразмус+ програмата за обрзовни програми и преку eTwinning порталот каде споделуваат соработки со училиштата од Европа. Исто така, и оваа учебна година секој наставник и стр.служба, како и директор задолжително ќе изработува свој Личен план за професионален развој според стандарди и компетенции за директор/наставници/стручни соработници, а потоа на ниво на стручни активи ќе се изработува една Годишна програма на училиштето за професионален развој.

### *20.1. Детектирање на потребите и приоритетите*

Потребите на наставниците за професионален развој ќе се утврдуваат на првите состаноци на стручните активи во месец септември.

Во текот на учебната година сите понудени обуки ќе бидат доставени до наставниците за кои се наменети или стручните соработници, истите ќе бидат разгледани и посетени. После учеството на обуки, учесниците ќе одржат дисеминација во училиштето по претходно изготвена програма и акционен план, а за истата активност ќе бидат изготвени и извештаи.

Во функција на професионалниот развој на наставниците ќе се организираат и отворени часови, работилници и размена на искуства во рамките на активите

### *20.2. Активности за професионален развој*

Училиштето ќе организира најразлични работилници, обуки и семинари кои ќе понудат активности со цел стручно усовршување на наставниците и стручната служба. Притоа се изготвуваат и акциони планови, се спроведува дисеминација од претходно проследени семинари или проекти, се поднесуваат извештаи, а исто така се врши и евалуација од којашто подоцна произлегуваат потребите и приоритетите за понатамошни активности за стручно усовршување и професионален развој. Тука значаен дел земаат советувањата и стручните подготовки од страна на Бирото за развој на образованието, Министерството за образование и наука како и други стручни институции од областа на воспитно-образовниот процес, но и училиштето кое самостојно спроведува интерно стручно усовршување на образовниот кадар. Во однос на Личниот план за професионален развој на директор/стр.служба/наставник секој според планираните активности ќе ги надоградува сопствените компетенции за квалитетна настава.

| **Акционен план за Професионален развој на наставници за учебна 2022 2023 год** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Задачи** | активности | Време | носители | инструменти | очекувани резултати | Одговорни |
| **Да се формира Тимот за професионален развој.** | Формирање на тимот за професионален развој на наставниот кадар,стручната служба и раководниот кадар на училиштето. | Август 2022 | Раководен кадар,стручна служба и наставен кадар. | Информација за работа на тим. | Проширување и продлабочување со новитети од областа на воспитно-образовната | Раководен кадар,стручна служба и наставен кадар. |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | работа. | |
| **Обука на наставниците во рамките на актуелни проекти и програмски активности.** | Посета на задолжителни семинари организирани од МОН. | Континуирано во текот на целата учебна година. | Обучувачи од страна на МОН | Извештаи од одржани семинари,видео часови. | Стекнување на нови и продлабочени знаења од страна на наставниците. | Директор, стручна служба,одговорни наставници |
| **Обука на наставниците во рамките на актуелни проекти и програмски активности.** | Посета на задолжителни семинари организирани од БРО. | Континуирано во текот на целата учебна година. | Обучувачи од страна на БРО. | Извештаи од одржани семинари. | Стекнување на нови и продлабочени знаења од страна на наставниците. | Директор, стручна служба,одговорни наставници |
| **Еразмус + програма,учење преку индивидуални мобилности.** | Обука,размена на искуства од семинари и дисеминации. | Континуирано во текот на целата учебна година. | Директор,стручна служба,наставници. | Извештаи од посетени семинари,извештаи од десиминации,посети,анкети,прашалници | Стекнување нови продлабочени знаења кај наставниот кадар,размена на искуства, воведување новитети во воспитно-образовниот процес. | Координатори на тимовите. |
| **eTwinning – проекти,семинари.** | Следење на семинари,соработка на проекти. | Континуирано во текот на целата учебна година. | Директор,стручна служба,наставници. | Изработка на проекти,извештаи,анкети и прашалници. | Стекнување нови продлабочени знаења кај наставниот кадар,раз | Олгица Балаџиева-eTwinning амбасадор |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | мена на искуства, воведување новитети во воспитно-образовниот процес. | |
| **Глобе програма** | Следење на обуки и работилници | Континуирано во текот на целата учебна година. | Министерство за животна средина и просторно планирање, Амбасада на САД. | Изработка на проекти,извештаи,анкети и прашалници. | Глобална програма за учење и набљудување на животната средина | Директор, Олгица Балаџиева Александра Митровска |
| **Континуирано следење и поддршка на наставниците во реализација на професионалниот развој.** | Следење на семинари,обуки,работилници ( формални и неформални). | Континуирано во текот на целата учебна година. | Директор,стручна служба,наставници | Извештаи од посетени обуки,семинари,работилници, наставнички портфолија | Мотивирани наставници за сопствен професионален развој. | Директор, стручна служба |
| **Споделување искуства и добри практики.** | Посета на отворени и нагледни часови | Континуирано во текот на целата учебна година. | Наставници | Дневни подготовки,извештаи од посетени часови | Адекватен избор на форми,методи и наставни средства | Директор, стручна служба,наставници |
| **Соработка со невладини организации,општина** | Следење на семинари,предавања,конференции,презентации,работилници | Во текот на целата учебна година | Претставници од невладини организации и општина | Извештаи | Усовршување на професионалниот развој,продлабочување на знаењата. | Директор, стручна служба,наставници |

### *20.3. Личен професионален развој*

Поединечното усовршување на образовниот кадар во училиштето подразбира следење на наставниците како и нивно вреднување преку посебно изготвени критериуми и инструменти. Во личен професионален развој вклучено е и мотивирањето на наставниците во насока на учество на обуки и семинари, добивање сертификати и слично. Меѓу другото, тука се вбројува и посетата на конференции, средби од регионален или државен карактер, како и свои пишани и објавени текстови и статии во стручна литература. Секој наставник и стручна служба изготвува свој личен план за професионален развој според одредени стандарди и компетенции.

### *20.4. Хоризонтално учење*

Посетата на наставниците на разни семинари за нивен професионален развој значи и споделување на искуствата и знаењата стекнати на тие семинари. Професионалното стекнато искуство се разменува и споделува со останатите наставици и стручната служба. Сето тоа училиштето го прави преку дисеминација, работилници или отворени часови. Во тој поглед училиштето треба да подготви акциски планови во кои ќе се објаснети активностите и нивните носители, времето на реализација, начинот на следење како и очекуваните резултати и исходи.

### *20.5. Кариерен развој на воспитно-образовниот кадар*

Наставниците во основното училиште напредуваат во звања. Категоријата наставник се добива со полагање на стручен испит за наставник. Наставникот може да напредува во звањата наставник – ментор и наставник – советник.Професионалните стандарди за звањата наставник – ментор и наставник – советник и начинот на стекнување ги пропишува министерот, на предлог на Бирото и Центарот. Бројот на наставници кои може да се стекнат со звањата наставник – ментор и наставник – советник  за секоја општина во градот Скопје и начинот на стекнување ги пропишува министерот.Должностите и работните задачи на наставник – ментор и наставник – советник  се определуваат според член 37 и 38 од Законот за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта.

Прилог бр.33

## 21. Соработка на основното училиште со родителите/старателите

### *21.1. Вклученост на родителите/старателите во животот и работата на училиштето*

Родителите/старателите се вклучени во работата на училиштето преку Советот на родители. Во Советот на родители членуваат претставници-родители од сите одделенија во училиштето. Промената на членовите се врши секој септември кога на родителските средби се избираат членовите за во Советот на родители. Советот на родители преку својата програма за работа дава предлози и идејни решенија за соодветни потешкотии во работата, го следи преку извештаите напредокот на училиштето. Родителите/старателите за секое случување во училиштето, постигнувањата на учениците се известуваат преку родителските средби, приемните денови на наставниците и отворените денови. Преку брошура родителите/старателите се известуваат за  најважните активности планирани во годишната програма за работа на училиштето.

Преку програмата за советување родители на ученици кои покажуваат несоодветно однесување, кои имаат три и повеќе негативни оценки по постигувањата и успехот и кои имаат

10 и повеќе неоправдани изостаноци и над 100 оправдани психологот остварува Советување според пропишана Програма за советување на родители.

Прилог бр,7

***21.2. Вклученост на родителите/старателите во процесот на учење и воннаставните активности***

Родителите постојано ќе бидат вклучени во процесот на учење со тоа што ќе бидат информирани за наставниот план и програма, како и самиот наставен процес на различни начини:

- преку Советот на родители
- преку групни и индивидуални средби со наставници
- преку стручната служба на училиштето
- преку Е-дневникот

Со тоа ќе им се даде можност навреме да бидат информирани и навреме да делуваат по прашањето на успехот и поведението на своите деца.

- Учеството на родителите во процесот на учење ќе биде насочено и кон давање помош при изработка на нагледни средства и дидактички материјали за покреативно изведување на наставата.
- Преку одржување на предавања на родители-стручни лица од областа која професионално се занимаваат

***21.3. Едукација на родителите/старателите***

Ќе бидат организирани едукативни работилници за родители во согласност на работата на Советот на родители, родителски средби и други форми на работа со родителите, средби со стручната служба во функција на Советување на родители, како и индивидуални средби и средби во мали групи од едукативен карактер.

Прилог бр. 34

**22.Комуникација со јавноста и промоција на основното училиште**

***Соработка со локалната заедница*: Комуникацијата и соработката со Општината Карпош континуирано ќе се унапредува и продлабочува бидејќи е од суштествено значење константниот проток на информации помеѓу двете страни. Општината Карпош, нејзиниот Градоначалник и општинските советници континуирано ги следат и поддржуваат активностите кои ги реализира нашето училиште. Претставник во Училишниот одбор од Општината, очекуваме да даде значаен придонес во унапредувањето на работата на училиштето со неговото присуство на јавни настани кои ги реализира училиштето и со постојано следење на сите активности на училиштето. Општината Карпош, нејзиниот Градоначалник и општинските советници континуирано ги следат и поддржуваат активностите кои ги реализира нашето училиште. Комисијата за образование при Општина Карпош во соработка со советник за образование, раководител на сектор за образование советник за спорт и физичка култура реализират континуирана соработка со директорите на основните училишта, со цел промовирање на успесите на учениците. Училиштето планира соработка со локалната заедница, вклучување на локално население и родителите во реализација на училишните проекти. Училиштето остварува усна, пишана и електронска комуникација и реализација на

состаноци, средби, дебати, трибини. Училиштето планира потпишување меморандум за соработка со општината за реализација на еколошката програма.

***Соработка со институции од областа на културата***: Во контекст на оваа соработка ќе се следат објавени литературни и ликовни конкурси, натпревари, посета на културно-историски споменици, музеи, библиотеки, дом на културата, кино сали.

***Институции од областа на образованието***: Училиштето преку својата работа остварува соработка со училишта од Општината и градот Скопје, со Општина Карпош,, БРО, МОН, ДИЦ, Државен просветен инспекторат, ЕЛС - Сектор за основно образование, урбаните заедници, зравствените ординации во локалната средина преку работилници, квизови на знаења, турнири, спортски натпревари, еколошки акции, реализација на наставни часови при посета на институциите и останати форми на соработка. Цел на планираните активности се другарување на учениците, размена на знаења и поттикнување на мултикултурната соработка и соживот на претставниците од сите заедници кои живеат на тој простор.
***Училиштето комуницира и соработува со повеќе субјекти:*** Во текот на годината перманентно ќе се соработува со МОН, БРО, ДПИ, ДИЦ, ЕЛС - Сектор за основно образование. Соработката ќе се реализира преку сите видови контакти, комуникација (пишана, електронска, усна) преку посети на училиштето, организирање обуки и семинари.
***Невладини организации***: Со цел афирмирање на активностите и постигнувањата во училиштето и обезбедување помош и поддршка на учениците од ранливи групи е планирана соработка со голем број невладини организации меѓу кои би ги истакнале: Детска амбасада Меѓаши, СОС центри, Младински културни центри, Еколошки друштва, Нула отпад, Здружение за дислексија Ајнштајн, Црвен крст-Карпош, Мировен корпус
***Спортски друштва:*** Со цел да се афирмира спортот меѓу младите, нашето училиште соработува со голем број спортски друштва, меѓу кои се: Федерација на училишен спорт на Македонија, Училишен спорт на град Скопје. Активностите на спортските друштва ќе се реализраат преку учество на нашите ученици на локални, градски и државни натпревари во разни спортови. На овој начин ќе се поттикнува и спортскиот и натпреварувачкиот дух кај децата.
***Соработка со здравствени институции***: Бидејќи грижата за здравјето на учениците е една од најзначајните задачи во воспитно-образовниот процес, нашето училиште на овој план соработува со голем број здравствени институции, меѓу кои се: Амбуланта Карпош - оддел за училишна медицина, Поликлиника Ѓорче Петров - оддел за училишна стоматологија, Приватни здравствени установи во локалната средина, Центар за јавно здравје. Преку соработката со овие институции перманентно, превентивно и континуирано се заштитува здравјето на учениците.
***Соработка со медиуми:*** Како и секое современо училиште и нашето училиште ја афира својата работа и постигнати резултати во соработка со медиумите. На овој начин ученичкото творештво и постигања во разни области добиваат можност за поширока афирмација. Планирана соработка со повеќе печатени и електроски медиуми: МТВ, Сител ТВ, Телма, Канал 5, Алфа ТВ, списанијата за деца и млади: ,,Развигор“, ,,Другарче“, ,,Наш свет“, дневниот печат. Одговорно лице за остварување контакт со медиумите е Оливера Котева, Биљана Ромевски, Марија Петкова и Марија Таневска. Доколку е потребно, поради состојбата со пандемијата од Корона вирусот во земјата, училиштето е подготвено да ја продолжи електронската комуникација непрекинато со сите субјекти и институции.
Сите активности поврзани со ЕКО – програмата и другите активности ќе бидат презентирани на сајтот на училиштето и општината и пред ТВ медиумите.

Прилог бр.37

## 23.Следење на имплементацијата на годишната програма за работа на основното училиште

| Приоритетни подрачја за следење | Начин и време на следење | Одговорно/ни лице/а | Кој треба да биде информиран за следењето |
|---|---|---|---|
| Опрема и наставни средства , книги и друга стручна литература | Увид во документација, еднаш на крајот од секое тромесечје | Оливера Котева | Тим за следење |
| Материјално-финансиско работење на основното училиште | Увид во документација, еднаш на крајот од секое тромесечје | Виолета Бомбол | Тим за следење |
| Програми и организација на работата на основното училиште | Увид во документација, еднаш на крајот од секое тромесечје | Стручна служба | Тим за следење |
| Воннаставни активности(секции/ клубови, спортски клуб, акции) | Увид во документација, еднаш на крајот од секое тромесечје | Магдалена Ј.Петкова и Нада Анчевска | Тим за следење |
| Вонучилишни активности (екскурзии , излети,) | Увид во документација, еднаш на крајот од секое тромесечје | Гоце Дукоски, Александар Аргировски | Тим за следење |
| Ученички организации | Увид во документација, еднаш на крајот од секое тромесечје | Наташа Пејчиќ | Тим за следење |
| Натпревари | Увид во документација, еднаш на крајот од секое тромесечје | Маргарита Богоевска и Александра Петковска Митровска | Тим за следење |
| Унапредување на мултикултурализмот | Увид во документација, еднаш на крајот од секое тромесечје | Гордана Мисајловска | Тим за следење |
| Проекти во на основното училиште | Увид во документација, еднаш на крајот од секое тромесечје | Марија Таневска и Јелена Черепналковска и Зденка Митровска | Тим за следење |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Подршка на учениците Професионална ориентација | Увид во документација, еднаш на крајот од секое тромесечје | Светлана Јовевска | Тим за следење |
| Оценување | Увид во документација, еднаш на крајот од секое тромесечје | Ана Илиевска, Мимоза Драгутиновска | Тим за следење |
| Безбедност во училиштето | Увид во документација, еднаш на крајот од секое тромесечје | Мирослав Најдовски | Тим за следење |
| Грижа за здравјето | Увид во документација, еднаш на крајот од секое тромесечје | Олгица Бајалџиева, Бинета Тодорова | Тим за следење |
| Професионален и кариерен развој на воспитно – образовниот кадар | Увид во документација, еднаш на крајот од секое тромесечје | Тим за професионален развој | Тим за следење |
| Соработка на основното училиште со родителите | Увид во документација, еднаш на крајот од секое тромесечје | Ники Радосављевиќ | Тим за следење |
| Комуникација со јавност и промоција на училиштето | Увид во документација, еднаш на крајот од секое тромесечје | Татијана Савеска | Тим за следење |

## 24.Евалуација на годишната програма за работа на основното училиште

Следењето на активностите предвидени со годишната програма за работа на основното училиште ќе го следи тим составен од : Даниела Штерјова (директор на училиштето ), Даниела Панајотова ( педагог ) Вања врдинова ( дефектолог во училиштето), Ивана Крсоска и Андреј Филиповски ( одделенски наставници ) , Наташа Стефановска и Валентина Ристоска Димовска ( предметни наставници), претставници од Училишниот одбор и претставници од Совет на родители. Следење ќе се извршува континуирано и за секое подрачје ќе има назначено одговорен наставник кој ќе биде задолжен да собира податоци, води евиденција и поднесува извештај за начинот и времето на следење одредено подрачје и навремено ќе го информира тимот за согледаната состојба за секое тромесечие од тековната учебна година. Тимот ќе има задача по поднесениот извештај од одговорното лице, најмалку еднаш во секое тромесечие да се состанува и да ја согледа имплементацијата на годишната програма од секое подрачје и ако има отстапки навремено да предупреди за евентуални отстапки или ненавремено извршување на обврските за одредено подрачје.

| **Акционен план за програма за следење и евалуација на годишната програма за учебна 2022 / 2023 год** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Задачи** | активности | Време | носители | инструменти | очекувани резултати | Одговорни |
| **Подготовка на програмите и акционите планови** | Проверка на изготвените програми и акциони планови | Август / септември | Стручни соработници и координатори на тимови | Чек листа | Правилно изготвени програми и акциони планови според дадените насоки за изработка | Директор и стручни соработници |
| **Следење на реализацијата на програмите и акционите планови** | Спроведување на активности зададени во програмите и акционите планови и одржување состаноци со координаторите, стручните соработници и раководителите на службата | 1.9.2022 - 31.8.2023 | Директор , стручни соработници и координатори на тимови | Извештаи од спреведени активности и записници од состаноци | Навремена и целосна реализација на планираните активности | Директор и стручни соработници |
| **Евалуација на програмите и акционите планови** | Анализа и евалуација за реализацијата на спроведените активности зададени во програмите врз основа на поднесените полугодиш | Јануари и јуни | Директор , стручни соработници и координатори на тимови | Извештаи и анализа од спроведената евалуација | Навремена и целосна реализација на планираните активности | Директор и стручни соработници |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | ни и годишни извештаи, сумирање на работата. | | | | | |

## 25. Заклучок

Во ООУ „ Петар Поп Арсов " Карпош Скопје како дел од државниот воспитен-образовен систем со кој се уредува дејноста на основното училиште е институција од јавен интерес. Истото преку Годишната програма ќе ги реализира целите и задачите на воспитанието и образованието на Република Македонија зацртани во Законот за основно образование. Училиштето се стреми кон развивање на социјален, интелектуален и академски прогрес на учениците. Ние обезбедуваме подеднаков напредок на учениците преку развивање на нивните вештини, таленти и потреби. Светот го замислуваме како глобално и отворено место, исполнето со почит и разбирање.

Наставниот план и програма во целост се реализирани од страна на сите наставници без никакви отстапувања од истата. Во реализацијата на наставните планови ќе биде видлива примената на активни методи, многубројни идејни решенија и стратегии, зголемената динамика и мотивацијата на учениците, како и јасно дефинираните очекувани исходи. Се трудиме секогаш учениците да се центар на нашето внимание; со многу посети, спортски, вонаставни и слободни активности, учествувавме на многу натпревари, соработувавме со родителите, локалната средина, медиумите и други организации. Ќе организираме многубројни хуманитарни акции развивајки ја хуманоста кај нашите ученици во соработка со Црвен Крст на Република Македонија.

Учениците ќе се запознаат со сопствената но и со другите светски култури и традиции, ќе ја развиваат сопствената креативност, ќе учат за демократија, детски права и одговорности, ќе ја развиваат еколошката свест, ќе стекнуваат едукативни знаења за органска храна. Сето тоа ќе биде реализирано преку истражувачка активност во духот на пријателството и дружењето. Воспоставените критериуми и етички кодекси на оценувањето ќе се применуваат во сите области на оценувањето.

Наставниците од одделенска и предметна настава ќе проследат неколку групни, индивидуални обуки, вон и во училиштето продлабочувајќи ги и пренесувајќи ги сопствените знаења и искуства на стручните активи во училиштето. Еден од приоритетите во нашето училиште е да обезбедиме колку што е можно поголема заштита и безбедност на учениците и на вработените. Постојат пропишани мерки за безбедност на учениците кои се однесуваат на безбедноста во самата училишна зграда, како и безбедноста во училишниот двор, за време на одморите. Редовно ќе се одвиваат дежурства на учениците и наставниците, според однапред направен распоред, а најголема обврска околу безбедноста има лицето за обезбедување кое е вработено преку агенцијата за обезбедување.

Учениците од одделенска настава ќе бидат згрижени и по завршувањето на часовите од страна на дежурниот наставник, се додека не ги земат родителите, а за тоа се води редовна евиденција. Училиштето има изработено План за заштита и спасување кој предвидува заштита на учениците и вработените во училиштето од елементарни непогоди.

Промените што се случуваат во општеството и воопшто во светот, и брзиот развој на технолошките процеси особено се одразуваат врз човекот и семејството како основна клетка во општеството. Таквите промени се особено стресни и се одразуваат на сите и на најмалите

